Здружение за поддршка на маргинализирани
работници СТАР-СТАР
Бр. 02-090/1
22.02.2024 год.
СКОПЈЕ

ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ

Врз основа на Член 24 став (2) од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на РМ бр.52/2010, 135/2011 и 55/2016), Член 19 и Член 21 од Статутот на Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје (Пречистен текст) од ден 03.03.2022 година, Претседателот на Здружението на ден 22.02.2024 година ја донесе следнава:

# ОДЛУКА
## За свикување Годишно собрание на членовите на Здружението за деловната 2023 година

**Член 1**

**СЕ СВИКУВА** Годишно собрание на членовите на Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје за деловната 2023 година со следниот работен дел:

1.Процедурален дел
2.Изборен дел
3.Работен дел

**Член 2**

**СЕДНИЦАТА** на Годишното собрание се свикува согласно одредбите од Законот за здруженија и фондации и Член 21 од Статутот на здружението.

**Член 3**

**СЕДНИЦАТА** на Годишното собрание ќе се одржи на ден 22.03.2024 година (петок) со почеток во 12 часот, на просторна локација како што е утврдено во Јавниот повик за свикување на Годишно собрание.

**Член 4**

**СЕДНИЦАТА** на Годишното собрание ќе се свика во форма на Јавен повик за свикување седница на Собранието, со содржина на една до три страници вклучувајќи и предлог дневен ред за работа, и заедно со оваа Одлука ќе бидат објавени на интернет страницата на Здружението, најмалку седум (7) дена пред одржување на седницата.

**Член 5**

**ЈАВНИОТ ПОВИК** од Член 4 со предлог содржина на дневен ред, е составен дел од оваа Одлука.

**Член 6**

**СЕ ЗАДОЛЖУВААТ** Претседателот, Управниот одбор и Извршната канцеларија на Здружението, да ги превземат сите неопходни дејствија предвидени со Законот за здруженија и фондации и Статутот на здружението, со цел одржување на предметното Собрание.

**Член 7**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на нејзиното донесување.

**Број 02-090/1**
**22.02.2024 година**
**Скопје**

**СТАР-СТАР Скопје**
**Претседател**

Здружение за поддршка на маргинализирани работници
СТАР-СТАР
СКОПЈЕ